РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

# УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНКЕТАТА ЗА СТРАНСКИ ПОСЕТИТЕЛИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ТУ.16

Скопје, 2019

**СОДРЖИНА:**

I ПРАВНА ОСНОВА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 4

II МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА АНКЕТАТА ЗА СТРАНСКИ ПОСЕТИТЕЛИ ........ 5

III ОРГАНИЗАЦИЈА НА АНКЕТАТА........ 8

IV УПАТСТВО ЗА РАБОТА НА АНКЕТАРИТЕ НА ГРАНИЦАТА........ 9

V УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАШАЛНИКОТ........ 10

## I ПРАВНА ОСНОВА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Правна основа за реализација на статистичкото истражување Анкета за странски посетители на граничните премини е Законот за државната статистика („Службен весник на РМ“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18) и Програмата за статистички истражувања 2018-2022 („Службен весник на РМ“ бр. 22/18 и 224/18) и во согласност со Регулативата бр. 692/2011 на Европскиот парламент и Советот, според кои Државниот завод за статистика е овластен за подготовка на методологиите, инструментите за спроведување, прибирање, обработка, анализа и објавување на статистичките податоци. Анкетата се организира во соработка со Министерството за внатрешни работи-Сектор за гранични работи и миграции и ТАВ Аеродром Скопје.

Податоците кои се прибираат со ова статистичко истражување претставуваат индивидуални податоци и се заштитени со Законот за државната статистика, од каде што произлегува и обврската за нивна заштита при прибирањето, обработката, објавувањето, како и складирањето на податоците и нивното уништување во пропишаните рокови. Индивидуалните податоци ќе се користат само за статистички цели и како поединечни нема да се даваат ниту објавуваат. Како поединечни, овие податоци не може да се користат за донесување на какви било одлуки во врска со лицето за кое се однесуваат.

Лицата кои вршат прибирање и обработка на податоците се должни да ги чуваат како службена тајна. Податоците, по завршувањето на потребата за која се прибрани и по нивната обработка, по определен период, се уништуваат.

## II МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА АНКЕТАТА ЗА СТРАНСКИ ПОСЕТИТЕЛИ
## ОПШТИ ПРИНЦИПИ

### Цел на спроведување на Анкетата

Целта на оваа Анкета е поврзана со значењето на податоците што се добиваат за еднодневните излетници и транзитните патници како категорија на лица кои доаѓаат во земјата и имаат своја специфична потрошувачка и побарувачка.

Основна индикација за фреквенцијата и обемот се податоците од евиденцијата за преминувањето на државната граница што ја води Министерството за внатрешни работи-Сектор за гранични работи и миграции.

Со оваа Анкета, всушност, ќе се добијат основните пропорции на сите излегувања од земјата и со тоа ќе се разграничат патувањата за туристички цели од вкупниот број на патници кои се евидентираат на граничните премини.

Во Република Северна Македонија, на граничните премини има систем за евиденција на патници и возила. Од оваа евиденција се добиваат информации за бројот на патниците и возилата по гранични премини и според видот на преминувањето на границата (по пат, преку аеродром и со железница).

Со Анкетата ќе се обезбедат податоци за статистички цели, но и за потребите на подетални истражувања во областа на туризмот и за пресметка на туристичката потрошувачка.

### Дефиниции

"Туризам" е активност на посетител кој патува во главна дестинација надвор од вообичаената животна средина, за помалку од една година, за која било главна цел, вклучувајќи бизнис, забава или други лични цели, освен да бидат вработени од страна на лице-резидент во местото на посета.

Туризмот вклучува патувања со ноќевања, но и еднодневни посети (излети) без ноќевања.

Посетителот се класифицира како турист (или посетител кој преноќева) доколку неговото/нејзиното патување вклучува ноќевање, и како еднодневен посетител (на екскурзија) кој не преноќева.

Времетраењето на патувањето обично треба да биде изразено преку бројот на ноќевања. Доколку нема ноќевања, тогаш посетителот е на екскурзија, а кога постои потреба за ноќевање, тогаш тој/таа е турист. Понекогаш престојот на посетителот може да се прошири и да ја надмине полноќта, како, на пример, кога присуствуваат на фудбалски натпревар, шоу, забава надвор од вообичаената животна средина. Препорачливо е, во тие случаи, активностите преземени после полноќ, кои не вклучуваат наоѓање место за одмор до следното утро, да не се сметаат за ноќевање. Сепак, доколку посетителот остатокот од ноќта ја помине на клупа, на плажа или на друго место, треба да се смета за турист кој остварил ноќевање во местото на посетата, иако ноќевањето не е во некое посоодветно место за одмор, односно не е во сместувачки објект.

### Единици за анкетирање

Основна единица за анкетирање во оваа Анкета на границата се странските лица, нерезиденти, кои самостојно или со својата фамилија се наоѓаат во посета на Република Северна Македонија и со патничко возило со странска регистрација ја напуштаат Република Северна Македонија на одредено гранично место.

Странски посетител е лице кое има постојано место на живеење надвор од Република Северна Македонија и престојувало во земјата заради рекреација, одмор или други причини. Странските посетители кои излегуваат од земјата, а во неа престојуваат заради деловни причини и за тоа се платени од страна на нашата земја, нема да се сметаат како посетители.

**Лицата кои се државјани на Република Северна Македонија, но ја напуштаат земјата со возило со странска регистрација се сметаат како лица кои ќе се анкетираат со оваа Анкета.**

**Лицата кои престојуваат повеќе од 12 месеци во земјата, нема да се анкетираат во оваа Анкета.**

**Еднодневни посетители (излетници)** се лицата кои престојуваат во Северна Македонија само еден ден, не ноќеваат во земјата и истиот ден ја напуштаат Република Северна Македонија.

**Транзитни патници** се лицата кои во земјата влегуваат од еден граничен премин, а излегуваат од друг, со цел да го продолжат или завршат патувањето во друга земја и притоа не пренокуваат ниту една ноќ во земјата.

Лицата кои можеби поради далечината на нивното патување ноќевале во својот автомобил на територијата на Република Северна Македонија, нема да се сметаат за транзитни патници, туку како лица со престој.

**Опфат на граничните премини - место на спроведување на Анкетата**

По правило, ќе се опфатат граничните премини каде што фреквенцијата на патници е најголема следејќи го критериумот секоја граница да биде застапена во анкетирањето. Во спроведувањето на Анкетата се земени гранични премини кон секоја од соседните држави, како и ТАВ Аеродром Скопје.

Странските патници кои ја напуштаат нашата земја со автобуси нема да се земат во примерокот за анкетирање. Во пресметувањето на вкупните резултати треба да се има предвид влијанието на големината на тој вид на превоз за оценка на туристичката потрошувачка или за движењата во туризмот.

Определувањето на премините, дизајнот и големината на примерокот се предложени од Одделението за статистички и математички методи.

Во Република Северна Македонија, во моментот, на границите со соседните земји постојат вкупно 20 премини и тоа;

- копнени патни премини - вкупно 16
- премини на железница 3
- аеродромски премини 2.

**Основно множество**

Основно множество е евиденцијата за бројот на странски патници, односно странски државјани на излез на граничните премини, по месеци во 2018 година, добиена од МВР. Оваа евиденција содржи податоци за 21 гранични премини, и тоа за 16 премини за моторни возила и 3 железнички премини, за бројот на патниците на влез и на излез од Република Северна Македонија на тие премини, како и за бројот на патниците на влез и на излез на аеродромите ТАВ Аеродром Скопје и ТАВ Аеродром Охрид.

Изборот на граничните премини треба да произлезе од анализата на основното множество што се состои во пресметка и анализа на фреквенциите по месеци и по гранични премини, како и пресметки на просечните фреквенции по денови.

**Време за анкетирање**

Времето за анкетирање се дефинира во зависност од тоа во кои месеци е најголем прометот на патници.

Според податоците за излезот на странски државјани од Северна Македонија во 2018 година, како месеци за анкетирање се избрани јуни, јули, август и септември.

За секој граничен премин се избираат денови за анкетирање и дневни квоти за анкетирање, а чекорот за анкетирање ќе биде одреден за секој премин посебно.

Времето на анкетирање се одредува од 6 до 22 или до 24 часот, во зависност од состојбата на секој премин.

**Метод на анкетирање**

Во Анкетата ќе се примени методот на интервју. Ангажираните анкетари, со поставување на прашања ќе го пополнат прашалникот кој, бидејќи е преведен на англиски јазик, анкетираното лице ќе може и самостојно да го пополнува во присуство на анкетарот кој ќе му помогне околу правилното пополнување. (За лицата кои заеднички патуваат, прашањата се поставуваат на еден од членовите на таа група).

Во случаите кога избраното возило-лице ќе одбие да даде одговор, критериумот за избор на следното возило е поблиску дефиниран во делот за примерокот. Во секој случај, независно од чекорот што ќе биде дефиниран, пожелно е следното возило да биде запрено за анкетирање.

Анкетарот ќе добие листа на која ќе бидат определени деновите кога ќе треба да го врши анкетирањето, дестинациите и бројот на патниците на тие дестинации кои треба да бидат анкетирани. Патниците кои ќе се анкетираат се бираат случајно.

**Начин на спроведување на Анкетата**

Лицето-анкетар кој претходно е обучен за спроведување на Анкетата, е најважниот фактор за успешно спроведување на Анкетата. Тој, во согласност со упатството за избор каде што се дадени деновите за анкетирање и чекорот за изборот на возилото, на најсоодветен начин, непосредно, со помош на лицата од МВР и на соодветно место пред напуштањето на границата, го запира возилото и остварува прв контакт со едно од лицата во него, обично носителот на домаќинството или со лице кое ќе даде изјава дека ќе ги даде податоците.

На патникот избран за анкетирање накратко му се претставува и му дава кратки информации за Анкетата.

Ако патникот одлучи сам да го пополни прашалникот, тогаш помошта на анкетарот се состои само во дополнителни информации.

Доколку анкетирањето го врши анкетарот, тогаш анкетарот му помага на најсоодветен начин да ги разбере прашањата и ги запишува одговорите. Анкетата се одвива во согласност со прашањата во прашалникот и упатството.

Ако лицето од избраното возило одбие да дава податоци, односно не сака да биде анкетирано, тогаш се избира следното возило во согласност со упатството за избор, со тоа што се почитува чекорот, а во помошниот образец во кој се бројат сите возила во тој ден, треба да се запише бројот на избраните лица кои ја одбиле соработката.

Анкетарот кој ќе ја спроведува Анкетата на ТАВ Аеродромот Скопје во определениот ден и во определениот час кога полетува авионот на определената дестинација, треба да биде пристигнат на аеродромот 1 час пред полетувањето на авионот.

Анкетата ќе се спроведува во просторот по завршувањето на пасошката контрола во која патниците го чекаат полетувањето на авионот. Анкетарот, во соработка со лицата од граничната полиција, избира странски патник, накратко му се претставува и му дава кратки информации за Анкетата.

Ако патникот одлучи сам да го пополни прашалникот, тогаш помошта на анкетарот се состои само во дополнителни информации.

Доколку анкетирањето го врши анкетарот, тогаш анкетарот му помага на најсоодветен начин да ги разбере прашањата и ги запишува одговорите. Анкетата се одвива во согласност со прашањата во прашалникот и упатството.

Ако избраното лице одбие да дава податоци, се бира друго лице на истата дестинација.

## III ОРГАНИЗАЦИЈА НА АНКЕТАТА

За целосно организирање на Анкетата е одговорен Државниот завод за статистика кој во определени рокови подготвува:

- методологија за спроведување на Анкетата;
- план за избор на примерокот и опис на примерокот;
- упатство за работа на анкетарите;
- избор и обука на анкетарите;
- дизајнирање и превод на образецот;
- финансиски план за наградување на анкетарите;
- план и упатство за обработка и табелирање на податоците;
- план за дисеминација и објавување на податоците.

Државниот завод за статистика, како надлежен за работите од областа на статистиката, Анкетата за странски посетители ја спроведува преку своите регионални одделенија за статистика и ги утврдува нивните надлежности околу доставувањето, прибирањето и контролата на извештаите.

**Регионални одделенија за статистика (РОС)**

Раководителите на РОС, како и лицата определени од нивна страна, во текот на спроведувањето на Анкетата ќе треба да се грижат за:

- избор на анкетари за спроведување на Анкетата според барањата дадени во Упатството за спроведување на Анкетата;

- организација и координација на активностите пред и во текот на спроведувањето на Анкетата на теренот;

- разрешување на одредени прашања од стручно-методолошки карактер, технички карактер и други непредвидени ситуации на теренот;

- навремено и квалитетно спроведување на Анкетата според методолошките основи;

- посета и следење на работата на анкетарите на самите гранични премини, а особено на првиот ден од работата со цел да се обезбеди полесно прифаќање на анкетарите од страна на одговорните лица од граничната полиција;

-информирање на лицата од ДЗС доколку се појават проблеми од организациски и стручно-методолошки аспект;

- редовно контактирање со анкетарите во текот на спроведувањето на Анкетата;

- примање на пополнетите обрасци на крајот од месецот, контролирање и во определениот рок, 15-20 во месецот, доставување до ДЗС;

- по завршувањето на Анкетата да дадат оценка за квалитетот и валидноста на податоците во соработка со одговорните лица од ДЗС;

- доставување на прелиминарен список за исплата на анкетарите.

**Анкетари**

**Анкетари** - лица кои непосредно ја вршат Анкетата и се обврзани да ги почитуваат правилата за пополнување на обрасците.

Изборот на анкетари и тимот за спроведување на Анкетата го врши Државниот завод за статистика во соработка со регионалните одделенија за статистика и тоа:

- по правило, за секој граничен премин се избира по еден анкетар, освен за граничните премини Табановце и Богородица каде што поради големата фреквенција на патници се избираат двајца анкетари;

- секој анкетар задолжително треба да зборува англиски јазик и пожелно е да го познава јазикот на соседната држава;

- анкетарот треба да ги прифати условите за спроведување на Анкетата, односно да е подготвен да престојува во определеното време на граничниот премин;

- анкетарот, за време на престојот на граничниот премин, треба да ги почитува правилата и редот кои се определени од страна на граничната полиција и треба да соработува со неа;

- анкетарот треба да е вешт и подготвен за соработка со странските лица и за приспособување кон условите на сообраќајот;

- наградувањето на анкетарите ќе биде во согласност со критериумите во посебниот правилник за финансирање на Анкетата;

- на анкетарот ќе му бидат исплатени и трошоците за патувањето од населеното место до граничните премини, т.е. ТАВ Аеродромот Скопје;

- Правилникот на Државниот завод за статистика за организација и спроведување на Анкетата треба да му е познат на анкетарот со кој се склучува договор.

## IV УПАТСТВО ЗА РАБОТА НА АНКЕТАРИТЕ НА ГРАНИЦАТА

Анкетарот, покрај упатствата и обуката што ќе ја добие во Државниот завод за статистика, ќе добие и распоред на денови за анкетирање за целиот период на спроведување на Анкетата.

Анкетарот е должен на одредениот премин да се наоѓа во 6 часот наутро кога и почнува броењето на возилата.

Бројот на возилата со странска регистрација (вкупно) за тој ден, анкетарот ги впишува во посебен образец ТУ-16 /1.

Анкетарот ќе го добие бројот на лицата за анкетирање во дадениот ден и чекорот со кој ќе го врши изборот на лица за анкетирање.

Застанувањето на возилата се врши непосредно пред границата, во договор со лицата од МВР и со нивна директна помош при стапувањето во контакт со избраните лица или возила.

Постојат неколку начини да се застане возилото.

Едниот од нив е возилото да се застане непосредно пред пасошката контрола и анкетирањето да се врши на преминот или ако е така попрактично, се избираат неколку возила според чекорот, однапред, кога се формира колона и им се приоѓа со претходно застанување од страна на лицето од МВР.

Изборот на чекорот за анкетирање кој е однапред одреден заради непредвидливи околности може да не е соодветен за секој премин. Може да се случи чекорот да е голем за одредени денови или да е мал во друг случај.

На анкетарот му се остава слобода чекорот да го прилагодува во зависност од сообраќајот, но притоа чекорот мора да е распореден за целиот ден (треба да се користат и попладневните и утринските часови). Прилагодувањето на чекорот мора да се направи во консултација со соодветните лица во Заводот.

Кога ќе го заврши анкетирањето на вкупниот број на лица за денот, анкетарот останува до предвидениот час на граничниот премин со цел да го продолжи броењето на возилата до 22/24 часот во тој ден.

Ако некое лице од избраните возила одбие да даде податоци, тогаш анкетарот ќе го запре следното возило за анкетирање, а понатаму ќе продолжи да го почитува чекорот за анкетирање.

Анкетарот на ТАВ Аеродромот Скопје, исто така, добива распоред на денови во кои треба да го врши анкетирањето и дестинации на авиони со кои летаат патниците. Во распоредот е наведено колку патници треба да се анкетираат на која дестинација и анкетарот сам избира на кои странски лица ќе им пријде и ќе ги замоли да учествуваат во Анкетата.

## V УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАШАЛНИКОТ

### Општи принципи

Прашањата во прашалникот се поделени на дел што се пополнува со заокружување, дел со запишување и дел со внесување во кућички.

Запишувањето на одговорите се врши на назначените места на линиите. Запишувањето на одговорите го врши анкетарот или избраното лице, самостојно. Податоците што се внесуваат во кућичките дел ги внесуваат анкетарите, а дел се внесуваат во Државниот завод за статистика, со исклучок на прашањето 3.2 каде што износот во денари се внесува во кућичките (пополнува статистика).

Анкетирањето е поврзано со способноста на анкетарот да разговара со избраното лице. Ако анкетарот не го познава јазикот на кој лицето може да даде најдобри одговори, тогаш ќе го замоли лицето самостојно да го пополни прашалникот на англиски јазик. Кога има ситуација лицето да не го познава англискиот јазик, тогаш се настојува со лицето да се оствари контакт на еден од јазиците кои најдобро ги зборува анкетарот.

Прашалникот има 5 групи на прашања.

На почетокот се наоѓаат прашања за идентификациските податоци. Нив ги пополнува анкетарот во согласност со Упатството.

Првата група на прашања се однесува на податоците за патувањето. Која е целта на посетата и должината на престојот во Република Северна Македонија, како и две прашања за лицата кои биле на престој во Република Северна Македонија.

Втората група на прашања се однесува за еднодневните престои (за лицата кои не ноќевале во земјата).

Третата група на прашања се однесува за сите лица кои заедно патуваат и ги сносат трошоците за престојот.

Четвртата група на прашања за посетителите се однесува на мислењето и оценките за престојот. Нив може да ги даде едно од лицата, а во принцип тоа е лицето кое ги дава и другите податоци во прашалникот.

Петтата група на прашања за посетителите се однесува на лицето кое ги дава податоците, анкетираното лице (за лицата кои патуваат групно одговорите се бараат од едно лице), и тоа за личните податоци.

### Пополнување на прашалникот

На почетокот од прашалникот се внесуваат следниве информации:

- Редниот број на прашалникот - го пополнува анкетарот и се пополнува како растечки реден број за односниот ден на соодветниот граничен премин.
- Граничниот премин - се шифрира соодветно на кодексот на шифри и шифрите на граничниот премин му се познати на анкетарот однапред (од папката).
- Денот, месецот и часот на анкетирањето - анкетарот ги внесува во моментот на анкетирањето. Ако анкетирањето се врши во 11 часот и 25 минути, на линијата се запишува соодветниот час. Во кућичките се запишува 12 часот.
- Времетраењето на анкетирањето - анкетарот го впишува времето кое го потрошил за анкетирање.

**1. Податоци за патувањето**

*1.1* Ц**елта на посетата во Република Северна Македонија? -** Предвидени се 3 модалитети кои се одговараат со заокружување. Треба добро да се разграничи за каков вид на престој, т.е. патување се работи, затоа што од одговорот на ова прашање зависат останатите одговори. Доколку лицето било во еднодневен престој или само во транзит, одговара на прашањето 1.2.1 и потоа продолжува со одговарање на прашањата 2, 3, 4 и 5. Лицето во транзит не одговара на прашањата 2. Лицето кое било во повеќедневен престој во Република Северна Македонија одговара на прашањата 1.2.2, 1.3 и 1.4, а потоа анкетирањето продолжува со прашањата 3, 4 и 5.

1.2. **Должина на престојот во Република Северна Македонија** - На ова прашање лицата одговараат како што е опишано погоре. Еднодневните посетители и лицата кои само биле во транзитно патување во земјата одговараат на 1.2.1 колку часа престојувале во Република Северна Македонија, додека лицата кои биле во повеќедневен престој во земјата, одговараат на 1.2.2 - колку ноќевања оствариле во Република Северна Македонија.

1.3. **Ако сте биле во повеќедневен престој, каква била целта на престојот** - Се одговара со заокружување на соодветниот модалитет и на ова прашање, како и на наредното (1.4), одговараат само лицата кои биле на повеќедневен престој во Република Северна Македонија.

1.4. **Каде се остварени ноќевањата за време на повеќедневниот престој** - Се одговара со заокружување на еден од понудените модалитети. Со модалитет 1 одговараат лицата кои ноќевале во хотели, мотели, кампови, приватни сместувалишта. Модалитетот 3 се однесува за лица со македонско државјанство кои, според методологијата, се опфаќаат со Анкетата. Модалитетот 4 се однесува за лица во транзит кои ноќевале во сопствено возило при транзитирањето низ Република Северна Македонија (иако е во транзит и ова лице според методолошките основи се смета за лице кое во земјата било на повеќедневен престој).

За лицата кои одговараат на ова прашање и заокружиле кој било модалитет, анкетирањето продолжува со прашањето број 3.

**2. Податоци за еднодневни престои**

Како лица на еднодневен престој, т.е. престој од еден ден, во оваа Анкета се сметаат лицата кои во Република Северна Македонија не оствариле ноќевање во колективен или друг објект за сместување (вклучувајќи го и ноќевањето во сопствениот автомобил). Влегле во Северна Македонија и истиот ден ја напуштиле замјата, и не оствариле ноќевање.

Податоците за оваа група прашања се внесуваат со заокружување и со запишување на податоците на линиите.

На прашањето 2.1 се одговара со заокружување. Модалитетот 2 се заокружува за лица кои го поминуваат одморот во една од соседните земји или се на крстарење и во Република Северна Македонија дошле само на еден ден, без ноќевање.

На прашањето 2.2 се одговара со впишување на местото кое еднодневниот посетител го посетил. Ако за време на престојот посетил повеќе места, на линијата ќе се запише местото во кое поминал подолго време, т.е. местото кое е поврзано со целта на посетата, прашање 2.4.

2.3 На ова прашање лицето треба да одговори како е организирано патувањето во Република Северна Македонија, дали во сопствен аранжман или во аранжман на туристичка агенција.

2.4 За целта на престојот во Република Северна Македонија се заокружува само еден од наведените модалитети. Доколку лицето има повеќе цели, се заокружува целта која му била примарна за да ја посети Северна Македонија.

Прашањето 2.5 се одговара со запишување во кукичките. Доколку анкетираното лице не ја посетило Северна Македонија во текот на 2018 година, се впишува 0 (нула), првиот модалитет. Вториот модалитет се одговара со впишување во кукичките на бројот на еднодневни престои (излети) во Република Северна Македонија во текот на 2018 година.

**3. Трошоци за патувањето и престојот**

На оваа група на прашања одговараат сите лица.

Во ова група прашања одговорите се однесуваат на трошоците за сите лица кои патуваат заедно и заедно ги сносат трошоците за престојот.

Одговор се дава во валута која испитаникот ќе ја смета како најпрецизна мерка за трошоците и ознаката на валутата ќе биде запишана на линијата (пример, евро, динар, денар и слично).

Во куќичките се внесува само вредноста на износот во наведената валута.

Вредноста во денари ќе се внесува во Заводот, соодветно на курсот на денарот на денот на анкетирањето, во согласност со листата на Народната банка.

**3.1 Број на лица кои патуваат со Вас (вклучувајќи Ве и Вас)**

Во куќичките се запишува бројот на лицата кои заеднички патуваат со лицето кое се анкетира, а посебно, во прашањето 3.1.1, се впишува и бројот на децата до 14 години, односно колку од вкупниот број на лица се деца до 14 години. На прашањето 3.1.2 се впишува бројот на лицата со кои анкетираното лице заеднички ги сноси трошоците врзани за престојот, патувањето во Република Северна Македонија.

**3.2 Вкупните трошоци се збир на поединечните трошоци за:**

- угостителски услуги,
- трошоци за сместување (за лица кои биле на повеќедневен престој во земјата и ноќевале во објект за сместување),
- гориво,
- патарина
- купување во трговијата (шопинг),
- забава,
- рекреација,
- здравствени потреби и
- други потреби, кои треба да се наведат.

Во секој случај, на прашањето 3.2 мора да има одговор и мора да биде пополнета барем една ставка за трошоците.

**4. Мислење и оценка**

На оваа група прашања туристот треба да даде оценка од 1 до 5 во зависност од тоа колку е задоволен од наведените услови или услуги во Република Северна Македонија. Оценката 1 значи „лошо“, односно туристот воопшто не е задоволен, додека оценката 5 означува „одлично“, односно туристот е сосема задоволен. Мора да има одговор најмалку на 5 модалитети.

**5. Податоци за лицето**

**5.1. Државјанство** - како државјанство се запишува името на земјата која го издала пасошот, независно од личното изјаснување на туристот за неговата националност. Одговорот со букви се запишува на линијата, а шифрата се внесува во ДЗС.

Прашања 5.2 и 5.3 - Пол и возраст - се заокружува соодветниот модалитет.

**5.4. Ниво на образование** - одговор се дава со заокружување на еден од модалитетите.

**5.5.** Доколку туристот е вработен, одговара на прашањето 5.5 **за групата на занимања** во која припаѓа работата која ја извршува. Ако лицето врши повеќе занимања, потребно е да се заокружи групата во која претежно се врши занимањето.

**5.6. Ниво на приходи** - лицето треба да го заокружи интервалот во кој приближно спаѓаат просечните месечни приходи на неговото домаќинство. Модалитетите „Не знае“ и „Не сака да одговори“ се заокружуваат доколку лицето, и покрај објаснувањето дека треба да даде приближен износ, сепак се изјаснува дека не знае или не сака да каже. Се одговара за приходот кој се остварува на ниво на домаќинство.